но и научно анализира и елаборира колосалните и контроверзни политички неснаоѓања на владите ширум светот, за време на пандемијата. Економската рецесија во најсилните светски економии во вториот квартал од 2020 година, драстичниот пад по сите параметри на светскиот туризам во текот на целата 2020 година, се две доволни причини за овој првичен заклучок. Во овој контекст мора да биде анализирана и надворешната политика и дипломатијата на современите држави за време на актуелнава пандемија. Дипломатијата која и претходно веќе имаше свој одреден дигитален бекграунд, скоро комплетно беше трансформирана во виртуелна, со посредство на алатките и инструментите на новите технологии и сведена во рамките на она што е ургентно и неодложно од надворешно-политички аспект. Тоа е т.н. "Зулу-дипломатија" која повеќе беше ставена во функција на санирање на последиците од пандемскиот бран, од здравствен но и економски аспект. Што во суштина значи, функционирање на ниво на тековни и неодложни активности, меѓу кои логистиката и поддршката на своите граѓани кои строгите здравствени мерки и протоколи, како и затворањето на границите ги оставија без можност за враќање во своите матични држави, се наметна како најургентен приоритет, за кој беа ставени во функција најголем дел од ресурсите на дипломатиите. Тоа истовремено се манифестираше во одредено редуцирање на останатите дипломатски активности, сведени за време на пандемијата на неодложни дипломатски контакти и комуникации преку видео-конференции. Дипломатијата како државна дејност од највисоко значење, која во нормални околности обично треба да предупредува, превенира или креира поволен надворешно-политички контекст, беше редуцирана на реактивна и во целост испровоцирана од пандемската опасност. Скоро подеднакво, како кај големите и моќните дипломатии, така и кај средно-моќните и помалите. И ништо чудно, што во овој дефанзивен дипломатски контекст, во најголем дел потфрлија со активностите јавната, културната и економската дипломатија. Или во најдобар случај, реагираа задоцнето и збунето, со одредени елементарни палијативни мерки и акции. Во овој труд посебно ќе бидат анализирани аспекти од културната дипломатија која во својата суштинска дипломатска мисија има бројни маркери на поклопување со развојот на перформансите на домашиот туризам, а посебно со развојните потенцијали на културниот туризам. Можеше ли културната дипломатија како дипломатска гранка да реагира благовремено и на вистински креативен начин да одговори во решавањето на предизвиците со кои во време на светска пандемска криза се соочува светскиот туризам, а во рамките на тие, веќе евидентно негативни туристички параметри и посебно неповолни параметри од доменот на културниот туризам? И кои се вистинските можности, предизвици и реални дипломатски акции на културната дипломатија од аспект на превенирање и санирање на веќе евидентни надолни трендови од доменот на културниот туризам, ќе се анализира во продолжение на трудов, со истовремено докажување на каузалната врска помеѓу културната дипломатија и културниот туризам во една држава.

## Маркери на поклопување помеѓу културната дипломатија и културниот туризам

Културата и културната дипломатија како мека моќ во надворешно-политичките односи постојат отсекогаш и повеќе или помалку биле користени во политички цели, некогаш спонтано, но најчесто стратешки, системски и плански. (Nye, 2004) Како пример во стручната литература за значењето на културата од аспект на перцепцијата на државите во светот, се истакнува примерот на Франција, држава-пионер во креирањето добри

културно-дипломатски практики, уште од крајот на 19 век. Имено, без оглед на тоа што Франција не излезе како победник во Втората светска војна, ги добива гласовите од помалите земји во светот, седиштето на УНЕСКО да биде во Париз, во конкуренција со финансиски и воено моќната Америка, која се обидува да го наметне Сан Франциско тогаш, како единствена опција. Бидејќи, Франција во очите пред сè на бројни земји во Латинска Америка и Европа е доживувана како земја на културата. како средиште на лаичката духовност и културниот модернизам. Што значи, идеално место за седиште на УНЕСКО. (Шутаров, 2019)

И денес можеме да видиме, колку е големо значењето на меѓународната културна соработка и културната дипломатија, кога станува збор за помали земји од САД или Франција, како Јужна Кореја, Тајван, Финска, Данска и др. Во тоа голема улога игра пред сè популарната култура, корејскиот К-поп, јапонската популарна култура, данскиот филм, финскиот дизајн, рок и хеви метал музиката. Да се потсетиме во овој контекст на отворањето и затворањето на Олимписките игри од Сеул во 1988 година, за чии потреби инсталации работеше најголемиот корејски уметник Нам Џун Пајк, преку Олимпијадата во Пекинг, каде на најдобар можен начин беше синтетизирана богатата кинеска културна традиција и современата уметност, преку Игрите во Лондон или Рио, каде акцент беше ставен на креативните индустрии и популарната култура (во трајно сеќавање е останато впечатливото затворање на Олимпијадата во Лондон, со учество на најголемите британски поп ѕвезди). Битката за добивање на „игрите“ битката за докажување на нивната успешност и значење, се воделе и сè уште се водат преку културата. Впрочем, да погледнеме каде се одржуваат големите светски манифестации, политичките и економски самити и резултатот ќе биде јасен. Не е Луксембург центар на светот (иако несомнено е голем финансиски центар), ниту се тоа Канарските острови, туку центри се оние градови и држави кои со својата мека моќ стануваат „заводливи“ и медиумски атрактивни на глобален план. Тогаш и не треба да чуди што Њујорк е седиште на ООН а не Вашингтон, а културната вибрантност на Бразил, Сингапур, Јужна Кореја, Јапонија и други, ги прави да бидат секогаш атрактивни места за различни светски случувања.

Да се биде културно видлив, препознатлив и привлечен како држава, регион, град или дестинација, значи врвен приоритет на владите на државите, регионалните и општинските власти. Привлечната моќ на културата значи градење релации засновани на приврзаност и голема емпатија, што може да биде исклучително пожелен сојузник и во постигнувањето на целите на севкупните државни политики. Затоа, културната дипломатија во минатиот век, а посебно во новиот Милениум, заедно со културата станува трет основен столб во водењето на надворешните политики. Препознавањето на предностите што културата и културните вредности ги имаат во однос на креирањето посакувана перцепција кај странските публики, во пракса значи најчесто и ополномоштување на културната дипломатија преку своите стандардни но и нови начини, средства, методи и технологија на создавање поблиски културни врски, да препознава и привлекува нови и нови поединци и групи кои би биле наклонети кон културата чии што вредности ги промовира. Културната дипломатија во своето делување ги има на располагање сите можни културни содржини, како и сите форми и начини за нивно комуницирање со странските публики. Од промоција на најдоброто од литературното творештво и јазикот, преку промоција на материјалното и нематеријално културно наследство, промоција на музичкото и ликовното творештво, археологијата, театарот, филмот, операта и балетот, како и сите нови форми на креативен културен

израз, преку живо, реално и непосредно претставување, како и преку сите можни форми на виртуелна презентација која ја нудат модерните технологии.

Културниот туризам и формално и суштински е посветен на промоција на истите културни содржини, делувајќи за исти цели, а тоа е создавање на интересенти, посетители, партнери и пријатели на културата на сопствената држава, мотивирајќи бројни туристи ширум светот за реално присуство во размената на културни, естетски, интелектуални, емотивни искуства со културната средина што се промовира. Тоа е можеби првиот и најзначаен маркер на поклопување помеѓу културната дипломатија, како високоорганизирана и стратешки дефинирана цел на дипломатиите на државите и културниот туризам, како исто така стратешки дефинирана важна цел од развојот на туризмот и воопшто стопанството на државите.

Вториот маркер на поклопување помеѓу културната дипломатија и кулурниот туризам се методите, средствата и техниките на реализација на посакуваната цел, кои во суштина операционализираат со три многу важни и најчести својства на луѓето, а тоа се културните потреби, културните мотивации и културните атракции или привлечности. Поттикнувањето и мотивирањето на бројни целни групи од странските аудоториуми на нивните културни потреби и мотивираност за културна акција, како и стекнувањето наклонетост и симпатии кон културните вредности на својата култура, во суштина претставуваат основни задачи и обврски и на културната дипломатија и на културниот туризам.

Третиот маркер на поклопување е од аспект на целите, а тоа е подеднакво важната политичка и економска компонента, то ест остварување и на политички и на економски предности и користи од добрите практики на културната дипломатија и културниот туризам. Добрите практики во културниот туризам ефектуираат показатели кои се лесно мерливи од аспект на очекуваната и посакувана успешност. Евалуацијата на резултатите од добрите практики на културната дипломатија се покомплексни и се релативно појасно мерливи во еден подолг, најчесто среднорочен период. Во културно-дипломатската практика политичката компонента на успешност во остварувањето на целите се мери и одредува во години и тоа во низа години, најчесто во циклуси, додека економските компоненти на културната ација на културниот туризам, оперира со промптни и лесно мерливи и сезонски показатели, во текот на една година. Но и за двете културни акции меѓу странските публики пресудна е јасно одредената цел, стекнување на што поголем и што поквалитетен број од интересенти за културните вредности на државата, што во својата суштина носи политички предности и наклонетости меѓу странските публики, како примарна задача на културната дипломатија и нагорен прилив на туристи кои се заинтересирани, а посебно и спремни за повторни посети, од доменот на културниот туризам. Целите и во едниот и во другиот случај се комплементарни, а маркерот на поклопување помеѓу културната дипломатија и културниот туризам, очигледен.

### Културната дипломатија и културниот туризам за време на светската здравстсвена пандемија и криза

Во осмиот месец од тековната 2020 година, веќе можат да се сумираат последиците од светската пандемска криза врз светските текови на туризмот, а во тој контекст и на

културниот туризам. Овие првични егзактни показатели се во прилог на потврдување на тезата и за сезонска мерливост и евалуација од функционирањето на расположливите ресурси во културниот туризам, во одредени услови и временски термини.

Концепциски, културниот туризам претставува и подразбира патувања кои се реализираат надвор од постојаното место на живеење а кои се мотивирани делумно или во целина од мотивацијата и потребата од осознавање и споделување искуства од доменот на уметноста, културното наследство, историјата и археологијата, културата на живеење на одредено подрачје, како и настани и фестивали поврзани со претежно културна понуда. Туристите кои се мотивирани од културни понуди, чинат 15 % од вкупниот светски туристички пазар, но разбран во еден поширок контекст како туристичка гранка која вклучува и посети на културни установи, локалитетити, споменици или културни настани, учествува и со 47 % во вкупниот светски туристички промет, со постојана нагорна развојна линија. (UNWTO, 2018) Но, ваквите показатели светската здравствена криза сериозно ги наруши и веќе не изгледаат така. Поточно, овие важечки параметри во моментов стануваат историја, од периодот до појавата на пандемијата со корона вирусот, бидејќи истата буквално го замрзна и домашниот и странскиот културен туризам. За жал и културата и туризмот се меѓу првите и најголеми жртви на актуелнава здравствена криза. Театрите, кината, концертните сали, музеите, галериите и библиотеките ги затворија меѓу првите своите врати, скоро истовремено со затворањето на државните граници, и така е во најголем дел од државите во светот. Олимписките игри во Токио се одложени, најголем дел од големите тениски турнири, скоро сите спортски натпревари, големите летни фестивали како EXIT во Нови Сад, Edinburgh International Festival, Glastonbury, Eurosong, светските турнеи на најголемите имиња од светската музичка сцена. Каков е ефектот врз културниот туризам, може илустративно да се замисли преку индикативни податоци од работата на виенските музеи на пример, кои 80 % од вкупниот приход го остваруваат од странски туристи, што претставува 40 % до 60 % од вкупниот буџет на овие културни институции кои го покриваат преку купување влезници од странски посетители. (NEMO, 2020) Какви се останатите глобални трендови во развојот на годинешниов културен туризам, можеме да судиме и според релевантни податоци на УНЕСКО, според кои 89 % од државите веднаш со прогласувањето на пандемијата, делумно или потполно ги затворија локалитетите од Листата на заштитено културно богатство на УНЕСКО. (UNESCO, 2020)

Најстариот светски познат поетски фестивал, Струшките вечери на поезијата годинава понуди скратена и хибридна форма на одржување на Фестивалот, во која во живо свои стихови читаа само домашни поети, а странските поети се претставија преку видео снимки, виртуелно. Поетскиот фестивал во Велестово, под отворено небо и со почитување на сите здравствени протоколи, се одржа со присуство повторно само на домашни автори. Охридското лето своето јубилејно 60-то издание се одважи да го организира на три отворени простори во Охрид, со редуцирана програма и строго почитување на здравствените протоколи. Годинава тоа беше скоро единствена летна репрезентативна манифестација каде свои учества имаа и уметници од странство, но исклучиво само за домашни посетители и туристи. Филмскиот фестивал МакеДокс кој се одржа во втората половина на месец август им понуди на авторите и посетителите можност за презентации на филмовите во живо, со почитување на здравствените протоколи и онлајн презентација на филмовите, како комбиниран дополнителен начин за анимирање и задоволување на интересите и потребите на публиката која не беше во

можност за живо следење на настаните. Македонската културна дипломатија во првите 8 месеци на 2020 година, скоро да немаше значајни меѓународни претставувања, освен неколку промоции на филмски фестивали и посебно доделувањето на наградите Оскар, непосредно пред прогласувањето на светската пандемија. Трите културно-информативни центри во Софија, Њујорк и Истанбул, ја редуцираа или потполно прекинаа својата културно-дипломатска активност во реализацијата на нивните програми за 2020 година.

Во земјите од регионот, пандемијата предизвика исти или слични последици од аспект на културната дипломатија и културниот туризам. Индикативен е примерот со Р. Хрватска и она што требаше годинава да биде најзначајна европска културна манифестација, Европската престолнина на културата, во градот Риека. Главниот адут на хрватската културна дипломатија за 2020 година, манифестација од европски рамки во која се промовираат европски културни вредности и креативни и културни индустрии, кои привлекуваат бројни уметници и многу публика и требаше да биде силен поттик за развој на културниот туризам во Риека, Кварнер и цела Приморско-горанска жупанија, доживеа своевидно фијаско во годинава на светска пандемија. На половина од тековната година, ослободени се од понатамошни обврски 59 ангажирани лица околу спроведуваање на Програмата-Риека Европска престолнина на културата, поради пренамена на средства и од оваа програма за ургентни здравствени трошкови поврзани со актуелната пандемија. (Rijeka2020, 2020) И примерот со престижниот Пулски филмски фестивал кој се одржува по 67 пат, ги покажа на дело сите аспекти на организирање комплексни културни настани, со редуцирана програма и селектирана публика.

## Предизвици за културната дипломатија и културниот туризам во време на пандемија

Предизвиците за културната дипломатија и културниот туризам се истородни, а низ овие примери што во трудот се презентирани, се наметнува ставот дека актуелните проблеми ќе мора да се совладуваат стратешки, интегрирано и трпеливо, со изнаоѓање бројни креативни начини за континуирана поддршка и промоција на културата и културните вредности и во услови на т.н. нова нормалност, предизвикана од новите здравствени ризици. Една, а во првите налети на вирусната пандемија и единствена креативна алтернатива на живата и непосредна размена на културни вредности и искуства е секако виртуелната промоција и презентација. Културната дипломатија со години по ред, со развојот на новите технологии функционира и преку формите на т.н. дигитална дипломатија, и досега имаше свои одредени предности и вредни искуства кои можат да бидат корисни во практикувањето на дипломатски акции во актуелниов миг. Културната дипломатија може да постигне солиден дел од исполнувањето на своите задачи и цели и преку дигитална или виртуелна промоција, за разлика од културниот туризам кој својата крајна цел ја има во физичкото и живо совладување простори и посетување на културни содржини. Кои се алтернативите во културата, барем до изнаоѓањето медицинско решение за светската пандемска криза?

УНЕСКО на пример, меѓу првите го трасира алтернативниот пат за континуирана културна промоција и во услови на пандемија, со поддршка на Google Arts & Culture платформа, преку која поттикна една сопфатна кампања #ShareOurHeritage, со цел

промоција на културното наследство и културните традиции во време кога е неможно да се патува. (UNESCO,2020) Оваа практика на виртуелна културна презентација доби глобална димензија преку неколку големи културни акции, како што беше на пример Global Citizen во соработка со СЗО, музички и хуманитарен проект во кој од својот карантин, самоизолација или изолација настапуваа најголемите музички имиња на денешницата, но и концертот на светската мега ѕвезда Андреа Бочели во Миланската Катедрала.

Првичното неколкумесечно исчудување на македонските културни институции во очекување на било каква насока од ресорното Министерство за култура за функционирање на културата во време на пандемија, резултираше со откажување на сите важни манифестации чиј културен “пик” обично се случува во потоплите месеци април, мај и јуни, и со спорадична самоиницијативност на дел од културните установи за виртуелна промоција на свои дела, простори, настани. Дел од театрите, галериите, музеите, преку каналот Youtube пласираа одредени културни содржини. Би ги оценил во секој случај како спорадични и недоволни. Ако секаде во развиениот свет, Европа па и во поблискиот регион, културата продолжи интензивно да живее иако преку недиректна виртуелна презентативна форма, моќните современи културни дипломатии и во овие потешкотии, веднаш успеаја да препознаат можности и предизвици, да промовираат на сите можни виртуелни начини и преку сите нови можни технологии, алатки и апликации, културни содржини и вредности од своите земји, точно маркирајќи културни пространства со мноштво културни содржини, прилагодени на новата реалност, која бара поголема социјална дистанцираност, поголеми и отворени простори. Едно истражување спроведувано во САД со почетокот на кризата работено во континуитет секоја недела, врз репрезентативен примерок од 5892 анкетирани лица, укажува на тоа дека најголема културна побарувачка и интерес ќе има кај оние културни активности кои ќе им овозможат на учесниците поголема слобода на движење и меѓусебна сигурна социјална дистанцираност, која би се одвивала на отворени културни подрачја, како што се музеите на отворено, археолошките наоѓалишта, природните реткости, парковите, ботаничките и зоолошките градини. (Collen & Dilen, 2020) А за жал, овие и слични релевантни меѓународни истражувања, не допреа до хибернираната македонска културна дипломатија, да го искористи своето огромно археолошко богатство на отворено, во промоција на трајните културни вредности кои можеа да бидат предмет на интерес на туристи од соседството или регионот, а во најмала рака, на домашните туристи. Поучени и од примерот на хрватското годинешно искуство во промовирањето на локални културни традиции од помалите места и скоро рурални средини, во актуелизацијата на мали фестивали и манифестации од локален каракатер, кои посебно во летните месеци анимираа бројни туристи желни за културен туризам. Хрватска од овој тип културен туризам, успеа да анимира голем број на нови интересентни за манифестации и фестивали од помали формати и во помали средини, како што се: “Фестивалот на чипката” во Лепоглава, манифестацијата “Глумци у Загвозду”, “Фестивалот на бајките” во Огулин или “Фестивалот за негување на кајкавскиот мелос и традиција”, што годинава се одржува во почетокот на месец септември, со постојан интерес на домашната публика но и посетители од бројни други држави од поблискиот регион.

“Staying home today, means traveling tomorrow” е мотото со кое Светската туристичка организација ја пронаоѓа и проектира улогата на туризмот во ревитализацијата на економиите кои сериозно западнаа во рецесија, во сите земји во светот. (UNWTO, 2020)

Мото, кое треба да интегрира севкупна акција, во голем дел и културолошка акција, за некое блиско идно време, по завршувањето на пандемијата. Во ова мото е сублимирана севкупната светска културна акција, како на културните дипломатии на државите, така и на државните и приватните агенции кои се занимаваат со поддршка и промоција на културниот туризам. Во годината на вкалкулирани ризици од драстично намалување на интересот за културниот туризам и веќе егзактните податоци за огромните загуби што поради пандемијата се случуваат во областа на туризмот, сите напори и вложувања треба да бидат проектирани за некое блиско идно време. “Делувај денес, за да патуваш утре”, значи несмалено темпо во промовирањето на културните вредности, за да се ефектуираат резултати кога условите за патувања ќе бидат во голем дел нормализирани или прилагодени со т.н. нова нормалност. Оттука, не постои ни најмало оправдување за дисконтинуитет или намалено темпо на промоција на културата, како што се случува кај одредени држави кои не се снајдоа во вонредните услови во кои изминатите месеци се одвиваше промоцијата на културата и културните вредности. Во овој контекст на стихијни и некоординирани културни акции меѓу домашните и странските публики, без сомнение би ја вброил и мојата држава. Би се осмелил да кажам, дека е ова скоро потополно изгубена година за културната дипломатија и културниот туризам во Македонија. Што за една мала, но толку многу привлечна држава со исклучително многу културни атракции, во услови на веќе потврдени показатели за економска рецесија е вистински проблем да го оправда изразеното  ноншалантно однесување во вакви вонредни времиња.

И конечно, нотирајќи ги уште еднаш предностите и можностите на македонската понуда од културолошки аспект, како предност и предизвик во периодов кој ни претстои, период на силни очекувања за совладувања на последиците од актуелната пандемија, но и период за кој веќе постојат предупредувања на здравствените експерти од можни комплицирања на веќе крајно сложената ситуација, го нотираме и културолошкиот аспект, кој може да биде клучен во периодот пред нас.

Културолошкиот аспект на совладувањето на тековните предизвици и нивното надминување е повеќеслоен и повеќенасочен процес, кој во себе треба да интегрира истовремено бројни културолошки акции,  наменети подеднакво како за домашната, така и за странските публики. Можеби врвен приоритет на културните акции на сите држави, посебно на нашата, би бил во функција на прилагодување на културата или стилот на живеење во услови на т.н. нова реалност или нормалност предизвикана од пандемската криза. Кризата на авторитети и нискиот степен на доверба во институциите, доведоа до исклучителна фрагментираност на општеството во однос на реалното постоење и опасноста од актуелниот вирус. Овој проблем во себе има и значајна културолошка димензија и тој контекст на проблемот, може и мора да се решава само со добро осмислена, координирана и севкупна културна акција, прилагодена на секој културен контекст соодветно. И во овие културни акции, задолжително треба да бидат применувани искуствата, методите и техниките на културната дипломатија, на која диверзификацијата и спецификите на разликите во културните контексти на слични или различни културни обрасци на живеење и се неодвоив и суштински дел од функционирањето. Совладувајќи  ги на тој начин предизвиците од аспект на одредени доминантни стереотипи и предрасуди поврзани со актуелнава пандемија и на непосреден

и на посреден начин создаваат предуслови за решавање на актуелните проблеми на културиот туризам, на еден вистински и соодветен начин.

Втората важна мисија на одговорните за креирање и реализација на културни акции од доменот на културната дипломатија и културниот туризам, се во насока на почитување на духот на пораката од Светската туристичка организација-делувај денес, за да патуваш утре! Секоја инертност, стихијност, препуштање на случајни индивидуални културни акции, носи несогледливи последици по посакуваното што поповолно мапирањето на културната мапа, во беспоштедната арена од понуди и културна конкуренција во која нема простор и време во кои се признава неприсуство и неделување. Оттука, виртуелната културна понуда како наједноставна и најлесно пренослива културна порака станува императивна задача на секоја сериозна и современа културна дипломатија. Моќните и големите дипломатии, веднаш ја препознаа таа нова можност. Новите платформи на кои се пласираат и разменуваат содржини со пораки и вредности од културата, го пополнуваат оној севкупен простор во кој културната дипломатија работеше комбинирано со живи настани и контакти и со онлајн преноси од важни културни настани од својата културна средина. Британскиот совет на пример, претставува исклучително добар пример за културна дипломатија која со години наназад ги синтетизираше подеднакво ефикасно и двата гореспомнати модели на функционирање на културната дипломатија. Праксата, неколку пати годишно да се пренесуваат преку онлајн врска прикажувања на драмите на Шекспир од престижни британски театри, во исто време додека се одвива настанот со милји и милји далеку во татковината на Шекспир, анимираше бројна публика во многу европски метрополи каде Британскиот совет организираше такви настани. Што значи, културната дипломатија овие начини на културна презентација ги има веќе во својата методологија на делување, во своите алатки, начини и средства за функционирање и тие во овој период треба само да се операционализираат и искористат максимално. Следејќи ги најдобрите културни практики, како што е случајот со Британскиот совет, императивно се наметнува потребата од постојана и сеопфатна културно-дипломатска акција за севкупна културна презентација подеднакво и на културните и природните вредности и убавини на својата држава, од сите области на културата, како што се музиката, литературата, ликовните и визуелните уметности, филмот, театарот, балетот, операта, археолошките локалитети, севкупното движно и недвижно културно наследство, обичаите и традициите, до модерните изрази на културни и креативни индустрии, културата на живеење на регионите и помалите заедници, кулинарските специјалитети и специфики на одредени подрачја, преку средствата и методите на т.н. гастро-дипломатија. И сето ова, за задржување на постојниот интерес за културните посебности и вредности на својата културна средина, но и стекнување нови потенцијателни љубители на културата на својата држава. А со тоа, да биде и во функција на помагање на културниот туризам на својата држава. Помагајќи ги и ставајќи се во функција на подобрување на културните перформанси на огромниот и конкурентен пазар на светски културни понуди, создава можности и за своја поголема видливост и успешност во конкурентната гама од културно-дипломатски акции во светот, а преку мерливите резултати на културниот туризам може побрзо и полесно да се корегираат добрите или помалку успешните страни на стратегијата за дејствување, во услови на светска пандемија. Стратешкиот принцип за дејствувањето во вакви околности, претставува единствен начин умешно да се интегрираат сите расположливи ресурси на државата, од аспект на културолошко

превенирање на веќе детектираните фрагилни точки од областа на културата во текот на целава 2020 година, санирање на веќе мерливите загуби и неповолни перформанси на културниот туризам и креирање и антиципирање што поповолни услови и можности за нивно подобрување, во блиска иднина во т.н нова реалност по завршувањето на ударниот пик од актуелната светска пандемија. Најдобрите културни практики, од светот и поблискиот регион, укажуваат и уверуваат дека ваквиот начин претставува единствен добар начин, за стратешки координирано и високо интегрирано дејствување на културната дипломатија и културниот туризам, во вонредни услови на светска пандемија.

## Заклучок

Културната дипломатија и културниот туризам, иако секторски припаѓаат на одвоени ресори и се наоѓаат под ингеренции на различни државни органи, во своите основни функции, задачи и цели, имаат исклучително високо ниво на комплементарност. Годината на светска пандемија ги маркира сите подобри и послаби страни во функционирањето и на двете значајни државни активности од доменот на поддршка и промоција на културните вредности на државите. Дисфункционалноста во одреден период на дејствување, од една или двете дејности заедно, може да донесе непосакувани резултати од аспект на перцепцијата на државата, нејзините региони и помали локални средини, од аспект на културна атрактивност кај домашната, но пред сè пред странските публики. Добрите практики на културни акции, ја дефинираат и понатамошната насока на делување на овие две важни функции на државата, од аспект на непречена, трпелива и отворена кон новите предизвици, културна акција. Виртуелната културна акција, може да биде исклучително креативна и лесно достапна до огромен број луѓе, во реално време и во услови на ограничени просторни движења, какви што беа за време на пандемската криза. И да биде усмерена, за блиски идни времиња во кои реалните патувања повторно би станале можни и првостепено важни, кон публики кои допрва ги осознаваат предностите и вредностите на културната понуда на матичната држава, како и кон публиките кои веќе имаат остварено непосреден контакт со истата. Само културна дипломатија и културен туризам кои промислуваат и реализираат ваков интегриран и проактивен пристап, можат да сметаат на своја успешна визија и мисија во своето дејствување, во вонредни околности за време на светска пандемија.

## Референци

1. Nye,J. (2004) *Soft Power:The means to success in the world politics*, Public Affairs, New York,

2. Шутаров, В. (2009) *Културната дипломатија на СФРЈ и културните дипломатии на државите-наследнички*, Софија, Богданци

3. ColleenDilenSchneider, (2020). *How COVID-19 is Impacting Intentions to Visit Cultural Entities* https://www.colleendilen.com/2020/04/27/data-update-how-covid-19-is-impactingintentions-to-visit-cultural-entities-april-27-2020/ (прегледано 01.09.2020)

4. Vodanović Lukić, I. & Lukić, A.(2020): *Small is beautiful (and safe): utjecaj pandemije COVID-19 na kulturni turizam* достапно на http://www.iztzg.hr/files/file/RADOVI/2020/COVID-19/Vodanovi%C4%87-Luki%C4%87-I_Luki%C4%87-A_2020.pdf (прегледано на 01.09.2020)

5. NEMO, (2020). NEMO *Survey on museums and COVID-19: How museums increase their online activities*, достапно на https://www.ne-mo.org/news/article/nemo/nemo-survey-on-museums-and-covid-19- increasing-online-activities-of-museums.html (прегледано 01.09.2020)

6. RIJEKA, (2020), *Privremena obustava većeg dijela aktivnosti na projektu RijekaEuropska prijestolnica kulture 2020* https://rijeka2020.eu/privremena-obustava-veceg-dijela-aktivnosti-na-projektu-rijeka-europskaprijestolnica-kulture-2020/(прегледано 01.09.2020)

7. UNESCO (2020). *Culture and Covid: Impact & Response Tracker*, Issue 1 https://en.unesco.org/sites/default/files/issue_1_en_culture_covid-19_tracker.pdf

8. UNWTO, (2018). *Tourism and Culture Synergies*, World Tourism Organization ( UNWTO), Madrid, достапно на:

9. UNWTO,(2020) Достапно https://www.unwto.org/news/stay-home-today traveltomorrow#:~:text=%22By%20staying%20home%20today%2C%20we,the%20COVID%2D19%20coronavirus%20pandemic (01.09.2020)

https://www.e-unwto.org/doi/pdf/10.18111/9789284418978 (прегледано 01.09.2020)

[1] Васко Шутаров, Доктор по политички науки, МИТ Универзитет Скопје, 071 223 846 vaskoshutarov@yahoo.com